

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЕКО-СВЕСТ ЗА 2012 ГОДИНА

## СОДРЖИНА

Преглед на активностите во 2012 година........................................................ 2

Публикации во 2012 година ........................................................................... 5

Преглед на финансиското работење за 2012 година ..................................... 8

# Преглед на активностите во 2012 година

**Во текот на 2012 година Еко-свест спроведе неколку проекти и активности. Како поважни ги издвојуваме следните:**

### Проект „Заедно за Натура 2000“

Овој проект беше иницииран во 2011 година со главна цел да ги здружи граѓанските организации кои работат на поле за заштитата на животната средина и да ги едуцира и организира за идната промоција на Натура 2000 подрачјата во Македонија. Повеќе обуки и работилници беа организирани во 2011 година, а во 2012 година, беше објавен прирачник за Натура 2000 во печатена и електронска форма.

Исто така, коалиција со назив "Натура 2000" беше основана официјално од страна на граѓанските организации, експерти и академските институции, со цел да се заштитат идните Натура 2000 подрачја од било каква штета и да се промовира воспоставувањето на мрежата Натура 2000 во Македонија.

### Активности на CEE Bankwatch Network во Македонија

Спроведувањето ИПА програмата во Македонија започна во 2007 година. Следниот програмски период 2014-2020 носи промени и пофлексибилно користење на средствата. Она што е од огромно значење во програмирањето на средствата за следниот програмски период, е дека постои потреба Владата на Република Македонија навистина да ги прифати НВО како партнери во програмирањето и да се овозможи ефикасен и вистински процес на вклучување на организациите и јавноста во овој процес.

Еко-свест и партнерските организации работеа на ефективна вклученост на граѓанското општество во програмирањето, формирањето на ставови и предлози за финансирање од европските фондови и создавање на одржливи програми за развој кои придонесуваат за заштита на животната средина во Македонија. Со оваа активност се зајакнуваат капацитетите на граѓанските организации за да можат да земат учество во програмирање на ИПА фондовите во Македонија. Еко-свест организираше работилница за граѓански организации со цел да се развијат заеднички ставови и да се подготват извештаи кои би се користеле во понатамошната работа. Како резултат Еко-свест и партнерските граѓански организации подготвија 4 позиции на следните теми:

• Транспарентност и учество на јавноста,
• Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија,
• Транспорт и
• ефикасност на ресурсите

На регионално ниво, Еко-свест поднесуваше предлози за ЕК, ЕП и националните влади во однос на новата регулатива за ИПА. Беа изработени студии на случај од земјите на Балканот, беа дадени препораки и насоки за учество на јавноста во програмирањето на ИПА во земјите на Западен Балкан и беше направена анализа на регулативите за ИПА со предлози за измени и дополнувања.

### Проект „Минимизирање на негативните ефекти од македонските хидро проекти“

Во 2012 година, Еко-свест и партнерските граѓански организации ја продолжија кампањата за зачувување на  Националниот Парк Маврово. Меѓународна поддршка добија од IUCN, CEE Bankwatch Network, Daphne, BirdLife, Euronatur и Plantlife. Европската комисија беше сојузник во кампањата, барајќи од македонските власти да се усогласат со директивите на ЕУ.

Како резултат на кампањата, беа спроведени мисија за пронаоѓање факти од CEE Bankwatch Network и Daphne (Меѓународна асоцијација за заштита на реки) и работилница за партнерските НВО која се одржа со цел да се израсботи стратегија за работа.
Во однос на жалбата за проектот ХЕЦ Бошков мост (која беше поднесена до механизмот на поплаки на ЕБОР на крајот на 2011 година) во 2012 независниот експерт одлучи дека таа ги исполнува условите и се прифаќа и треба да следува постапка за утврдување дали постоело несоодветно работење на менаџментот на оваа институција.

Извештај за активностите и ставовите на партнерските граѓанските организации е достапен на македонски на веб страницата на Еко-свест.

### Проект „Климатски иницијативи во Македонија“

Во текот на 2012 Еко-свест продолжи да работи на поле на енергија и транспорт. Во периодот од 01.03.2012 - 31.12.2012 со проектот "Климатски иницијативи во Македонија", фокусот беше проширен во однос на климатските промени. Овој проект ни овозможи да работиме со најактивните невладини организации кои работат на полето на заштита на животната средина и заедно да се залагаме за чист и одржлив развој, енергетска ефикасност, како и за промена на националните стратегии и закони во кои би се вклучиле најновите политики на ЕУ.

Целите на проектот "Климатски иницијативи во Македонија" се стратешки пристап во врска со климатските промени во Македонија и поттикнување на граѓанските организации да работат на климатските промени во Македонија.

Проектот резултираше со зголемен капацитет и знаење на македонските невладини организации кои сега се повеќе подготвени да работат за теми поврзани со климатски промени, што се покажа преку нивниот придонес кон анализата на трите национални стратегии - Стратегијата за енергетика, транспортната стратегија и стратегијата за биолошка разновидност на Македонија. Во рамките на проектот заедно со CDE од Чешка Република, беше организирана 2 дневна работилница за македонските граѓанските организации.

Исто така, важен резултат на овој проект е две-годишен план за работа на прашањето на климатските промени во периодот до март 2014 година. Проектниот тим исто така беше во контакт со националните институции кои се занимаваат со климатските промени, биодиверзитетот и енергијата.

## Проект „Зајакнување на гласот на граѓаните“

Во рамки на проектот "Зајакнување на гласот на граѓаните", предводен од CEE Bankwatch Network, и финансиран од програмата Европа за граѓаните, Еко-свест организираше натпревар за национална проектна идеја, објави неколку информативни брошури и работеше со граѓански панел во подготвувањето на препораките од процесот.

## Подигнување на јавната свест за тешкиот метал жива

Проектот за подигнување на јавната свест за жива продолжи и во 2012 година со анализа на влијанијата на живата врз здравјето на луѓето.
За таа цел беа земени примероци од риба од веројатно загадени области во близина на топилницата во Велес и беа испратени за тестирање за присуство на жива во сертифицирана лабораторија во САД. Исто така, беа земени и примероци од коса од жители на Велес.

Во текот на 2012 беа завршени две анализи - За живата во вакцините и за протоколот за детоксикација од жива, достапни на македонски на бев страницата на Еко-свест.

# Публикации во 2012 година

Следните публикации беа резултат од нашата работа во 2012 година:




**Прирачник за Натура 2000**




**Искуства од учеството на јавноста во земјите од западен Балкан**




**Детоксификација од жива**




## Живата и вакцините




## Буџетот на Европската Унија




## Ставови на граѓанските организации за програмирањето на ИПА фондовите во Македонија за 2014-2020 година




**Анализа на стратегии од аспект на прилагоденост кон климатските промени**




**Водич за активисти за Европските фондови**




**Анализа на состојбите со националниот парк „Маврово“ во однос на планираните хидро проекти на неговата територија**

# Преглед на финансиското работење за 2012 година

***Табеларен преглед на расходи по ставки за 2012 година***

| | Ставка | Износ |
|---|---|---|
| **1** | Авторски надоместоци | 999158,00 |
| **2** | Плата за 2 вработени | 404663,00 |
| **3** | Телефон (фиксен и мобилни) | 51504,00 |
| **4** | Интернет | 11050,00 |
| **5** | Кирија | 99900,00 |
| **6** | Режиски трошоци | 39453,00 |
| **7** | Услуги | 445061,50 |
| **8** | Канцелариски трошоци | 10659,00 |
| **9** | Печатење | 5904,00 |
| **10** | Поштенски пратки | 3860,00 |
| **11** | Патувања | 38739,00 |
| **12** | Опрема | 57031,00 |
| **13** | Провизии | 9664,00 |
| **14** | Активности | 412729,00 |
| **15** | Друго | 14575,00 |
| **16** | Даноци | 61271,00 |
| | | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **2665221,50** |

## *Шематски преглед на расходите за 2012 година*




## *Табеларен преглед на расходи по проекти во 2012 година*

| Име на проект | Донатор/и | Расходи |
|---|---|---|
| **Заедно за Натура 2000** | Европска Комисија | 598452,00 |
| **Активности на CEE Bankwatch Network во Македонија** | CEE Bankwatch Network | 595253,00 |
| **Минимизирање на ефектите од македонските хидро проекти** | ФИОМ, Global Greengrants Fund | 319348,00 |
| **Климатски иницијативи во Македонија** | AirClim | 613.456,50 |
| **Зајакнување на гласот на граѓаните** | EACEA | 372260,00 |
| **Подигнување на свеста за тешкиот метал жива** | IPEN | 153458,00 |
| **Активности на Еко-свест** | Свои извори | 3330,00 |
| **Вкупно** | | **2655557,50** |

## *Шематски преглед на расходи по проекти во 2012 година*




**Извештајот го изработи**

**Ана Чоловиќ Лешоска**

**Извршен директор**